
Црвен крст на Република Северна Македонија
Општинска организација Виница

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ -ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ВИНИЦА ЗА 2027 ГОДИНА



ВОВЕД

Во услови на сè посложени хуманитарни, здравствени и социјални предизвици, улогата на Црвениот крст добива сè поголемо значење. Потребата од солидарност, хуманост, превенција и поддршка на ранливите категории на население ја наметнува потребата од континуирано унапредување на програмските активности и јакнење на капацитетите на организацијата на локално ниво.

Во текот на 2027 година, Општинската организација на Црвениот крст Виница ќе продолжи со реализација на активности насочени кон унапредување на здравствената и социјално-хуманитарната заштита, развој на крводарителството, едукација за прва помош и подготвеност за одговор при катастрофи. Посебно внимание ќе се посвети на препознавањето на потребите на ранливото население, обезбедувањето хуманитарна помош и поттикнувањето на граѓаните активно да се вклучат во хуманитарните иницијативи.

Значаен дел од работењето и во наредната година ќе биде насочен кон младите и волонтерите, преку нивно едуцирање, мотивирање и вклучување во активности од интерес за локалната заедница. Преку едукативни работилници, хуманитарни акции, активности за промоција на здрави животни навики и ширење на хуманите вредности, ќе продолжиме да ја развиваме свеста за значењето на доброволното ангажирање, солидарноста и меѓусебната поддршка.

Имајќи ги предвид досегашните искуства и постигнатите резултати, ООЦК Виница ќе продолжи да ја унапредува соработката со Општина Виница, образовните установи, здравствените институции, здруженијата и другите партнери. Преку заедничко делување, одговорно и транспарентно работење и рационално користење на расположливите ресурси, ќе се настојува да се обезбеди континуитет во реализацијата на програмските приоритети и подобар одговор на потребите на населението.

Програмата за работа за 2027 година претставува насока за понатамошен развој на организацијата и потврда на нејзината посветеност кон хуманоста, солидарноста и грижата за човекот. ООЦК Виница ќе продолжи да дејствува во согласност со основните принципи на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, со цел да биде достапна, одговорна и активна поддршка за граѓаните и заедницата.

СИТУАЦИСКА АНАЛИЗА

Климатските промени и зачестената појава на екстремни временски услови ја наметнуваат потребата од поголема подготвеност на локалната заедница за

заштита на здравјето на населението и животната средина. Особено значајни се ризиците од топлотни бранови, шумски пожари и други непогоди, кои можат да имаат сериозни последици врз здравјето и благосостојбата на населението, особено кај постарите лица и другите ранливи категории.

ООЦК Виница ќе продолжи да придонесува кон информирање и едукација на населението за заштита од екстремни температури и постапување при климатски ризици. Преку досегашните активности, како што е обезбедувањето вода и освежување за време на топлотни бранови, организацијата има искуство во преземање превентивни мерки и поддршка на граѓаните. Во 2027 година, акцентот ќе биде ставен на навремено информирање, подигање на свеста и поддршка на најизложените категории, во соработка со локалните институции и другите релевантни партнери.

Посебно внимание ќе се посвети на вклучувањето на младите и волонтерите во активности за заштита на животната средина. Надоврзувајќи се на досегашните еколошки иницијативи, како што се пошумувањето, рециклирањето и едукативните активности со младите, ООЦК Виница ќе продолжи да поттикнува одговорен однос кон природата и активно учество во локални зелени иницијативи. Преку едукација и практични активности ќе се придонесува кон развивање еколошка свест и поголема отпорност на заедницата кон климатските предизвици.

Приоритет - КЛИМА И ЖИВОТНА СРЕДИНА

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Климатските промени и зачестената појава на екстремни временски услови ја наметнуваат потребата од поголема подготвеност на локалната заедница за заштита на здравјето на населението и животната средина. Особено значајни се ризиците од топлотни бранови, шумски пожари и други непогоди, кои можат да имаат сериозни последици врз здравјето и благосостојбата на населението, особено кај постарите лица и другите ранливи категории.

ООЦК Виница ќе продолжи да придонесува кон информирање и едукација на населението за заштита од екстремни температури и постапување при климатски ризици. Преку досегашните активности, како што е обезбедувањето вода и освежување за време на топлотни бранови, организацијата има искуство во преземање превентивни мерки и поддршка на граѓаните. Во 2027 година, акцентот ќе биде ставен на навремено информирање, подигање на свеста и поддршка на најизложените категории, во соработка со локалните институции и другите релевантни партнери.

Посебно внимание ќе се посвети на вклучувањето на младите и волонтерите во активности за заштита на животната средина. Надоврзувајќи се на досегашните еколошки иницијативи, како што се пошумувањето, рециклирањето и едукативните активности со младите, ООЦК Виница ќе продолжи да поттикнува одговорен однос кон природата и активно учество во локални зелени иницијативи. Преку едукација и практични активности ќе се придонесува кон

развивање еколошка свест и поголема отпорност на заедницата кон климатските предизвици.

РЕЗУЛТАТ 1 Подигната свест и намалени здравствени ризици и последици на населението од влијанието на климатските промени	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Подигнување на свеста и едукација на населението од здравствените последици предизвикани од топлотни бранови • Заштита на здравјето на населението од здравствени последици од топлотни бранови	• Опфатени 54 лица со работилници, 180 дистрибуирани материјали • Обезбедување директна поддршка на населението за време на топлотни бранови, дистрибуција за шишиња со вода од 0.5л, обезбедување на мобилни тимови за прва помош, мерење крвен пристисок, делење на совети со ангажиран мобилен тим од 4 волонтери

РЕЗУЛТАТ 2 Унапредена партнерска соработка со релевантни институциии зајакнати капацитети на национално друштво за справување со климатските промени	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Развивање на систем за навремено информирање и предупредување на населението од топлотни бранови.	• Дистрибуција на информативно – едукативни материјали и пораки преку локалните структури и канали за превенција на здравствени ризици од топлотни бранови кај ранливо население, опфатени 50 лица преку работилници и 250 лица преку поделени материјали

РЕЗУЛТАТ 3 Зајакнато учество на младите во заштитата на животната средина преку развиени знаења, вештини и локални волонтерски иницијативи	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Обуки за нови еко-едукатори и надградување на знаењата на постојните еко-едукатори. • Реализација на врснички едукации ученици во градинки и основни училишта. • Организирање локални зелени волонтерски акции иницирани и реализирани од млади. • Развивање интерактивни алатки и материјали за едукација за животната средина.	• Реализирани 2 еко-едукации, со опфатени 30 ученици од прво до петто одд и 20 деца од предучилишна возраст

Приоритет - КАТАСТРОФИ И КРИЗИ

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Природните непогоди, пожарите, екстремните временски услови и другите кризни ситуации ја нагласуваат потребата од континуирано унапредување на подготвеноста и капацитетите за одговор на локално ниво. ООЦК Виница ќе продолжи да работи на подигање на свеста за ризиците, едукација на населението и зајакнување на подготвеноста за навремено и соодветно дејствување во вонредни ситуации.

Искуствата од досегашното работење, вклучително и ангажманот на волонтерите при поддршката при несаканите пожари годинава, ја потврдуваат важноста на обучените волонтери, првата помош, психосоцијалната поддршка и координираното дејствување со надлежните институции. Во 2027 година, организацијата ќе се насочи кон унапредување на знаењата и практичните вештини на волонтерите, како и кон јакнење на соработката со локалните институции и другите релевантни партнери.

Преку едукативни активности, обуки и практични вежби, согласно расположливите капацитети, ќе се поттикнува подготвеноста на населението за справување со ризици и постапување во кризни ситуации. Посебно внимание ќе се посвети на потребите на ранливите категории и на можностите за обезбедување навремена хуманитарна помош, основна поддршка и информирање при вонредни настани.

ООЦК Виница ќе продолжи да ги развива волонтерските капацитети и партнерствата во локалната заедница, со цел поефикасна координација, подобра искористеност на расположливите ресурси и навремено реагирање при катастрофи и други кризни ситуации.

РЕЗУЛТАТ 1. Зајакната отпорност на заедниците и намален ризик од катастрофи преку зголемена свест, превентивни активности и подобрена подготвеност за одговор.	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Подготовка и спроведување национални кампањи и информативно-едукативни активности за подигање на свеста за ризици од катастрофи и климатски промени, со посебен фокус на превенција и подготвеност на	• Организирање на најмалку 2 локални кампањи, предавања и работилници во заедниците и училиштата по општинска организација. • Спроведување на најмалку 2 активности за подготвеност на

населението.	домаќинствата и заедниците. • Број на локални медиуми и социјални мрежи каде е споделен информативен материјал. • 300 опфатени лица со локални кампањи и активности за подигање на свеста по општинска организација со можност за повисока цел согласно бројот на населението
• Развивање и спроведување активности за проценка, превенција и намалување на ризици од катастрофи, со посебен фокус на климатските ризици и зајакнување на отпорноста на заедниците.	• Спроведување на 1 локална проценка на ризици • Активности организирани за намалување на идентификуваните локални ризици. • Спроведување активности за подготвеност на домаќинства, училишта и заедници • Спроведување 1 активност за адаптација кон климатски ризици по општинска организација • 300 опфатени лица со активности за намалување на ризици од катастрофи
• Организирање обуки, практични вежби и симулации за зајакнување на оперативните капацитети на општинскиот тим за одговор при катастрофи.	• Организирање на 1 локална обука за тимот за одговор при катастрофи • Спроведување на 2 практични вежби и симулации • Организирање најмалку 2 вежби за евакуација во училишта и заедници • Учество на учесници на локалните тимови во национални и регионални вежби.
• Одржување, надополнување и соодветно позиционирање на стоковите резерви за обезбедување навремена прва помош на населението погодено од катастрофи.	• Одржување и проверка на расположливите локални резерви најмалку 2 пати годишно. • Навремено активирање и распределба на резервите при катастрофи. • Идентификација на приоритетни категории на население. • Известување за искористените резерви и потребите за надополнување. • Број на лица опфатени со поддршка од локалните стокови резерви

Резултат 2. Зголемена свест, знаења и практични вештини на населението за безбедно однесување и намалување на ризиците при престој и активности во и околу отворени и затворени води а и во планинските подрачја.

Активности 2027	Показатели на успешност 2027
• Спроведување локални активности за подигање на свеста и унапредување на знаењата за безбедност на вода, со посебен фокус на децата, младите и лицата изложени на ризик.	• Едукативна активност во училишта и заедници • Активност за безбедност на вода во периоди и подрачја со зголемен ризик. • Практични демонстрации и информативни активности. • Опфатени вкупно 300 лица со активностите за безбедност на вода.
• Спроведување активности за подигање на свеста и унапредување на знаењата за безбедно движење и престој во планински подрачја, во соработка со релевантни партнери.	• Едукативна активност за планинари, млади и локални заедници. • Информативни активности во планински и други подрачја. • Практични активности за безбедно движење и постапување при ризик. • Воспоставување соработка со локални институции, планинарски и други релевантни организации. • 300 лица опфатени со локални активности за безбедност на планина.
• Организирање на активности за безбедност на вода и планина на локално ниво за подигање на свеста и културата кај децата и младите за заштита и безбедност при престој на водени површини и планински подрачја	• 40 на млади лица опфатени со врснички едукации и други активности на локално ниво

Приоритет - ЗДРАВЈЕ И ДОБРОСОСТОЈБА

ЗДРАВСТВЕНО ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Здравствената превенција и едукацијата на населението претставуваат значаен дел од работењето на ООЦК Виница. Преку информирање, подигање на свеста и вклучување на волонтерите, организацијата придонесува кон унапредување на здравствената култура и поттикнување здрави животни навики кај населението, со посебно внимание на младите и ранливите категории.
Во 2027 година, ООЦК Виница ќе продолжи со реализација на здравствено-едукативни активности насочени кон превенција од заразни болести и зависности, како и информирање за значењето на здравите животни навики и

навременото препознавање на здравствените ризици. Надоврзувајќи се на досегашните активности во училиштата, едукативните сесии за ХИВ/СИДА и превенција од зависности, како и активностите за поддршка на населението за време на топлотни бранови, организацијата ќе продолжи да ја приближува превенцијата до локалната заедница.

Активностите ќе се реализираат во соработка со образовните установи, здравствените и социјалните институции и другите локални партнери. Преку едукација, волонтерски ангажман и информирање на граѓаните, ООЦК Виница ќе настојува да придонесе кон подобра здравствена информираност, поголема свесност за превенцијата и унапредување на здравјето на населението.

РЕЗУЛТАТ 1 Подигната здравствена писменост и свест за превенција и навремено препознавање на здравствените ризици	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Спроведување здравствено-едукативна кампања за превенција и рано препознавање на здравствените ризици	• Опфатени 72 лица преку здравствено информативни работилници, дистрибуција на 200 промотивни материјали и 500 опфатени лица преку постови на социјални медиуми,
• Одбележување на традиционални здравствено-превентивни денови и недели.	• Организирање едукативни работилници, и други активности за едукација и подигнување на свеста на населението за превеција на хронични заболувања – опфатени 54 лица по ективност
• Организирање на врснички едукации	• Реализирани 2 едукации за забоздравствена заштита и опфатени 50 деца • Реализирани 2 едукации за хигиенизација и опфатени минимум 50 • Реализирани најмалку 2 едукации за превенција на болести на зависности, опфатени 80 ученици • Реализирани 2 едукации за превенција на ХИВ/СИДА/СПИ, со опфат од најмалку 80 ученици

КРВОДАРИТЕЛСТВО

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Крводарителството претставува еден од најзначајните облици на хуманост и солидарност, преку кој граѓаните директно придонесуваат кон спасување човечки животи. ООЦК Виница континуирано работи на промоција и

унапредување на доброволното крводарителство, со цел да се обезбеди континуитет во крводарителските акции и да се поттикне поголемо учество на населението.

Постигнатите резултати во 2025 година ја потврдуваат високата хуманост на граѓаните на општина Виница и успешноста на досегашните активности. Сепак, потребно е континуирано мотивирање на постојните крводарители, привлекување нови дарители и особено вклучување на младите, со цел обновување на дарителската база и одржување на интересот за доброволно дарување крв.

Во 2027 година, ООЦК Виница ќе продолжи со организирање и поддршка на крводарителски акции, информирање и мотивација на населението и унапредување на соработката со образовните установи, локалните институции, работните организации и другите партнери. Посебен акцент ќе се стави на едукацијата и мотивацијата на младите преку средби, презентации и активности за подигање на свеста за значењето на крводарителството.

Преку континуирана работа со крводарителите, развивање нови партнерства и вклучување на волонтерите во мотивациските активности, ООЦК Виница ќе настојува да ја задржи традицијата на успешно крводарителство во општината и да придонесе кон обезбедување доволни количества крв за потребите на здравствениот систем.

РЕЗУЛТАТ 1: Зајакнат систем на доброволно крводарителство преку проширена дарителска база, зголемена мобилизација и стабилни резерви на крв	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Организирање и координација на крводарителски акции на територијата на Република Северна Македонија.	• Организација на 13 крводарителски акции согласно Годишен интегрален план • Обезбедување на вкупен број на крвни единици, 3% од вкупниот број на население (540 единици крв) • Зголемена видливост и препознатливост на улогата на Црвениот крст во организацијата и реализацијата на крводарителските акции, преку употреба на промотивен материјал
• Мобилизација на крводарители во период на намалено дарување крв	• Спроведена локална промотивна кампања за потреба од дарување на крв во летен период (онлајн кампања или делење информативни флаери)

• Унапредување на системот на мобилизација на крводарителите и воспоставување на нови соработки	• Идентификување на потенцијални нови партнери и места за организирање крводарителски акции • Изнаоѓање една нова средина за крводарителска акција со остварување од 20 дарители
• Инкорпорирање на дигитални технологии и примена на социјални мрежи во промоција на доброволно крводарителство	• Примена на тековните алатки за следење, информирање и активирање на крводарителите

РЕЗУЛТАТ 2: Зајакнати капацитети за имплементација на социјално – хуманитарни и екомонски активности	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Организирање и спроведување на обуки и зајакнување на капацитетите за мотивација на крводарители	• Воспоставена мотивациска рамка за доброволно крводарителство и обучени по 1 средношколец • Реализирани мотивациски сесии за унапредување на крводарителството: 2 едукации и 1 едукација на Клубот на млади

РЕЗУЛТАТ 3: Развиена и институционална поддржана Национална стратегија за унапредување на крводарителство	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Организирање консултативен процес за дефинирање на приоритети и мерки за Националната стратегија за унапредување на доброволното крводарителсто и иницирање поддршка на меѓуинституционална соработка со Законодавната и Извршната власт за усвојување и имплементација на Националната стратегија	• Доставени предлози и препораки за унапредување на доброволното крводарителство
• Организирање Форум за унапредување на доброволното крводарителство, со учество на претставници од ЦКРСМ, ИТМ, владините институции, бизнис-заедницата и академската заедница.	• Вклучување во реализацијата и поддршката на Форумот за унапредување на доброволното крводарителство.

ПРВА ПОМОШ

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Првата помош е важна животоспасувачка вештина што овозможува навремено и соодветно реагирање при несреќи, повреди и итни здравствени состојби. ООЦК Виница континуирано работи на унапредување на знаењата и вештините по прва помош кај различни целни групи, преку обуки, едукативни активности и практични демонстрации.

Во 2027 година, организацијата ќе продолжи со спроведување обуки по прва помош за кандидати за возачи и други целни групи, како и со едукативни активности во образовните установи. Посебно внимание ќе се посвети на младите, преку работилници, практични вежби и учество на натпревари по прва помош, со цел стекнување основни знаења и поттикнување подготвеност за правилно постапување во итни ситуации.

Досегашните активности на ООЦК Виница, вклучително и обуките за кандидати за возачи, едукацијата на ученици и наставници и оспособувањето на волонтерите, претставуваат основа за понатамошно унапредување на оваа програмска област. Воедно, искуствата од ангажманот при вонредни настани ја потврдуваат важноста на обучените тимови и волонтери кои можат да обезбедат основна помош до пристигнувањето на надлежните служби.

Преку соработка со образовните установи, работните организации, локалните институции и другите партнери, ООЦК Виница ќе продолжи да ја подига јавната свест за значењето на првата помош и да придонесува кон создавање локална заедница со поголеми знаења, вештини и подготвеност за реакција во итни и кризни ситуации.

РЕЗУЛТАТ 1 Подигната свест и унапредени знаења и вештини на населението за укажување прва помош	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Спроведување на курсеви по прва помош за возачи, работни организации и пловни објекти. • Организирање на обуки по прва помош за ученици во образовни институции. • Организирање на обуки по прва помош за претставници на институции од системот за	• Организирање на курсеви по прва помош за возачи, работни организации и пловни објекти, обучени 225 кандидати • Организирање на обуки по прва помош во училишта и други образовни институции, опфатени 100 обучени ученици • Организирање на обуки по прва помош за институции од системот за управување со кризи, 15 обучени претставници

управување со кризи. • Организирање на активности за подигнување на јавната свест за важноста на првата помош • Одбележување на Светскиот ден на прва помош. • Организирање на натпревари по прва помош • Промоција на важноста на автоматски надворешен дефибрилатор (AED)	• Опфатени 200 лица со промотивен материјал • Организирање локални активности за одбележување на Светскиот ден на прва помош согласно насоки од ЦКРСМ; Опфатени 80 лица преку работилници, теренски активности демонстрации и други промотивно-едукативни активности за Светски ден по прва помош • Подготовка на екипи по прва помош за натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Организирани општински натпревар по прва помош за основни и средно училиште опфатени 70% од училиштата Континуирано јакнење на капацитетите на шминкери, манекени и судии Обезбедени судии, шминкери и манекени за регионални и државен натпревар согласно насоките на ЦКРСМ • Организирање на показни вежби за информирање на населението за значењето на AED и демонстрации за негова употреба, очекувано 72 лица

РЕЗУЛТАТ 2 Зајакнати стручни и организациски капацитети на националното друштво во областа на првата помош	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Организирање освежителни обуки за релиценцирање на легитимации за предавачи и демонстратори за обуки по прва помош • Организирање на обуки за предавачи, демонстратори и	• Релиценцирани предавачи и демонстратори зависно потребите • Оспособен еден нов предавач/демонстатор • Номинирање на 1 шминкер и 1

шминкери по прва помош • Развој и промоција на Стручниот центар по прва помош	манекен на обуки за јакнење на капацитетите шминкери и манекени • Обучен 1 предавач и организирање обуки по прва помош за стари лица, опфатени 30 лица

МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Менталното здравје и психосоцијалната благосостојба се важен дел од целокупното здравје и квалитетот на животот. Стресот, социјалните и економските предизвици, загубите и изложеноста на кризни ситуации ја нагласуваат потребата од поголема информираност, превенција и достапност на психосоцијална поддршка во локалната заедница.

ООЦК Виница ќе продолжи да придонесува кон унапредување на менталното здравје преку едукативни активности, подигање на свеста и промовирање на значењето на меѓусебната поддршка. Посебно значење имаат досегашните искуства во обезбедувањето психосоцијална поддршка на волонтерите при кризни настани, кои ја потврдуваат потребата од грижа за нивната емоционална благосостојба и подготвеност за справување со стресни ситуации.

Во 2027 година, преку соработка со образовните установи, локалните институции и другите релевантни партнери, ќе се настојува да се поттикне отворен разговор за менталното здравје, подобро препознавање на психосоцијалните потреби и навремено барање соодветна стручна поддршка. Истовремено, ќе се посвети внимание на благосостојбата на вработените и волонтерите, како важен предуслов за нивно континуирано и квалитетно ангажирање во хуманитарните активности.

РЕЗУЛТАТ 1: Унапредување на менталното здравје и психо-социјалната благосостојба на населението преку превентивни активности	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Зајакнување на психо-социјална благосостојба и подигната свест за менталното здравје кај населението преку активности и услуги за ментално здравје и психо-социјална поддршка.	• Зајакнување на психо-социјална благосостојба и подигната свест за менталното здравје кај населението преку активности и услуги за ментално здравје и психо-социјална поддршка, опфатени околу 90 лица
• Организирање на работилници за психо-социјална поддршка и ментално здравје	• Организирање на работилници за психо-социјална поддршка и ментално здравје, опфатени 36 лица

РЕЗУЛТАТ 2: Зајакнати стручни и организациски капацитети на националното друштво во областа на менталното здравје	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Организирање на работилници за вработени и волонтери на Црвен крст со групна психо-социјална поддршка и превенција на професионален стрес	• Организирање на работилници за вработени и волонтери на Црвен крст со групна психо-социјална поддршка и превенција на професионален стрес, опфатени 36 лица
• Развој, унапредување и функционализирање на регионалните центри за ментално здравје и психо-социјална поддршка	• Развој, унапредување и функционализирање на регионалните центри за ментално здравје и психо-социјална поддршка во 5 функционални регионални центри

Приоритет - ВРЕДНОСТИ, МОЌ И ВКЛУЧЕНОСТ

СОЦИЈАЛНИ ПРОГРАМИ

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Социјалните потреби на населението во Општина Виница ја наметнуваат потребата од континуирана поддршка на старите лица, лицата со попреченост, лицата кои живеат сами и семејствата во социјален ризик. Демографските промени, миграцијата на работоспособното население и намалената достапност на семејната поддршка придонесуваат за зголемена потреба од социјално-хуманитарни активности и услуги во заедницата. Во 2027 година, ОО Црвен крст Виница ќе продолжи со активности насочени кон препознавање на потребите на ранливите категории граѓани, обезбедување соодветна поддршка и унапредување на нивниот квалитет на живот, во согласност со своите надлежности и расположливи капацитети.

Посебен акцент ќе биде ставен на поддршката на старите лица и лицата на кои им е потребна помош во секојдневното функционирање, преку развивање и спроведување активности во заедницата, јакнење на волонтерскиот ангажман и соработка со надлежните институции и локалната самоуправа. Ќе се работи на унапредување на достапноста на информациите за постојните социјални услуги и можностите за поддршка, како и на навремено препознавање и упатување на лицата на кои им е потребна дополнителна помош. Во рамките на своето

дејствување, Црвениот крст ќе продолжи да поттикнува солидарност, меѓусебна поддршка и активно учество на граѓаните во справувањето со социјалните предизвици.

Во насока на социјална инклузија, ќе се спроведуваат активности за подигнување на свеста за потребите и правата на ранливите категории, намалување на стигмата и дискриминацијата и поттикнување на нивното вклучување во општествениот живот. Преку волонтерските активности и соработката со образовните установи, институциите и другите локални партнери, ќе се поттикнуваат хуманоста, солидарноста и меѓугенерациската поддршка. Посебно внимание ќе се посвети на идентификување на можностите за вклучување на лицата во социјален ризик во соодветни програми за поддршка, обука и стекнување практични вештини, во согласност со нивните потреби и достапните ресурси.

Одржливоста и унапредувањето на социјално-хуманитарните активности ќе се обезбедуваат преку зајакнување на соработката со Општина Виница, надлежните институции, граѓанските организации, приватниот сектор и донаторите. Преку заедничко планирање, мобилизирање ресурси и развивање партнерства, ОО Црвен крст Виница ќе настојува да го зголеми опфатот и ефективноста на поддршката за најранливите граѓани и да придонесе кон создавање поинклузивна и посолидарна локална заедница.

РЕЗУЛТАТ 1: Унапредена социјална вклученост и култура на ненасилство и мир	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Креативни и едукативни работилници за деца со попреченост и деца во згрижувачки семејства	• Креативна и едукативна работилница во Дневниот Центар во Виница
• Превенција кај млада популација за препознавање на ризици и заштита од трговија со луѓе	• Реализирани едукативно – информативни работилници за ученици од основни и средно училиште во рамки на одбележување на Европскиот ден, како и во текот на година, преку опфатени 30 ученици

РЕЗУЛТАТ 2: Зајакнати капацитети за имплементација на социјално – хуманитарни и екомонски активности	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Едукација за деца од предучилишна возраст и воспитен кадар од предучилишни институции за превенција од трговија со луѓе,	• Едукација на 40 деца од предучилишна возраст

според нова програма и прирачник	

РЕЗУЛТАТ 3. Зголемен пристап до социјални услуги за поддршка на ранливо население	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Подигнување на јавната свест за борба против сиромаштија и гладта преку спроведување на 2 кампањи	• Спроведени 2 кампањи за за одбележување на Неделата на гладта и Недела на солидарност и 1 хуманитарна акција, за обезбедување на хуманитарна помош за лица во социјален ризик, Опфатени 60 лица; Анимирани 150 граѓани, преку јавни настани, воспитно образовни инситуции, компании и локални соработници; Една партнерска соработка со локален бизнис партнер (како потенцијални соработници со цел спонзори Макпрогрес/Винчини)
• Подигање на јавната свест за потребната поддршка и социјална вклученост на постарите граѓани, преку спроведување на кампања за активно и здраво стареење	• Одбележување на Меѓународен ден на стари лица и Недела за грижа на стари лица • Организирани информативни работилници за подигнување на јавната свест за поддршка и социјална вклученост на постарите граѓани, со кои ќе бидат опфатени 30 граѓани
• Имплементација на стратешки план за развој на економски активности за социјални цели	• Вклученост во јакнење на капацитети за воспоставување на економските активности за социјални цели во Националното друштво
• Организирање врснички едукации	• Реализирани едукации за превенција на трговија со луѓе, со ученици од основните училишта од одделение и од среднито училиште.
• Соработка и поддршка	• Анимирани 150 граѓани, преку јавни настани, воспитно образовни институци, компани и локални партнери/ соработници, со обврска најмалку 1 партнерска соработка;

според нова програма и прирачник	

РЕЗУЛТАТ 3. Зголемен пристап до социјални услуги за поддршка на ранливо население	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Подигнување на јавната свест за борба против сиромаштија и гладта преку спроведување на 2 кампањи	• Спроведени 2 кампањи за за одбележување на Неделата на гладта и Недела на солидарност и 1 хуманитарна акција, за обезбедување на хуманитарна помош за лица во социјален ризик, Опфатени 60 лица; Анимирани 150 граѓани, преку јавни настани, воспитно образовни инситуции, компании и локални соработници; Една партнерска соработка со локален бизнис партнер (како потенцијални соработници со цел спонзори Макпрогрес/Винчини)
• Подигање на јавната свест за потребната поддршка и социјална вклученост на постарите граѓани, преку спроведување на кампања за активно и здраво стареење	• Одбележување на Меѓународен ден на стари лица и Недела за грижа на стари лица • Организирани информативни работилници за подигнување на јавната свест за поддршка и социјална вклученост на постарите граѓани, со кои ќе бидат опфатени 30 граѓани
• Имплементација на стратешки план за развој на економски активности за социјални цели	• Вклученост во јакнење на капацитети за воспоставување на економските активности за социјални цели во Националното друштво
• Организирање врснички едукации	• Реализирани едукации за превенција на трговија со луѓе, со ученици од основните училишта од одделение и од среднито училиште.
• Соработка и поддршка	• Анимирани 150 граѓани, преку јавни настани, воспитно образовни институци, компани и локални партнери/ соработници, со обврска најмалку 1 партнерска соработка;

ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА – ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Програмата „Црвен крст во акција – Промоција на хумани вредности" претставува значајна можност за вклучување на младите во волонтерските активности на Црвениот крст, развивање на нивните лични и социјални вештини и поттикнување на хуманоста, солидарноста и активното учество во заедницата. Преку програмата, младите на возраст од 13 до 17 години се стекнуваат со знаења за принципите и вредностите на Црвениот крст, тимската работа, препознавањето на потребите на ранливите категории и подготовката и реализацијата на мали проекти со позитивно влијание врз локалната заедница.

Во 2027 година, ОО Црвен крст Виница ќе продолжи да ги поттикнува младите да се вклучуваат во програмата и да развиваат иницијативи насочени кон препознавање на различностите, унапредување на меѓусебното разбирање и обезбедување поддршка за лицата и семејствата на кои им е потребна помош. Преку менторска поддршка и практична работа, младите ќе имаат можност да ги идентификуваат потребите во својата средина, да осмислуваат соодветни активности и да придонесуваат кон решавање на конкретни локални предизвици.

Посебно внимание ќе се посвети на проектите за промовирање на мирот, соживотот, толеранцијата и почитувањето на различностите, како и на хуманитарните активности за поддршка на ранливите категории граѓани. Преку работилници, едукативни активности, волонтерски акции и соработка со училиштата и другите локални чинители, ќе се поттикнува развивањето на чувството за одговорност, емпатија и солидарност кај младите. Воедно, ќе се поддржува нивното активно учество во младинските активности на Црвениот крст и создавањето можности за преземање иницијатива и лидерски улоги.

Преку континуирано спроведување на програмата, ОО Црвен крст Виница ќе придонесува кон создавање активни, одговорни и хумани млади луѓе, кои преку своето волонтерско ангажирање ќе влијаат врз позитивните промени во заедницата и ќе придонесуваат кон развој на култура на солидарност, мир и меѓусебно почитување.

РЕЗУЛТАТ 1: Зголемување на бројот на волонтери во секоја ООЦК и мотивирање за продолжување на нивниот волонтерски ангажман	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Присуство на состанок со секретари на ООЦК, за презентирање на годишниот модел, начинот на избор на дисеминатори и поддршка што треба да ја обезбедат.	• Обучен дисеминатор за одржување на трите обуки и давање поддршка на младите за изработка на малите проекти.

• Спроведување 3 обуки • Организирање на активноста „ПХВ Пехар“ за 2027 година. • Доделување благодарници на секој учесник што изработил мал проект. • Во период од два месеца, преку изработката на малите проекти, младите ќе работат со лица од целните групи чии потреби самите ги идентификувале. • Вклучување на младите во реализацијата на малите проекти и теренските активности. • Изработка на кратки видеа, во траење од по две минути, за реализираните теренски активности.	• Минимум четири проекти по група: еден еколошки проект, една интеркултурна акција и две акции во заедницата. • За секој проект се изработува видео во траење од две минути.
• Реализација на ПХВ неделата, која унифицирано се одбележува од 21 до 27 септември. • Преку активностите во рамките на ПХВ неделата се промовираат културата на ненасилство, мирот и толеранцијата меѓу младите од различни етнички групи. Вклучување на младите во Клубовите на млади при ООЦК преку заеднички активности.	• Локален настан за промоција со присутни над 50 граѓани, наставници, родители и волонтери

РЕЗУЛТАТ 2: Зголемена активност и присутност на младите волонтери на терен.

Активности 2027	Показатели на успешност 2027
• Групирање на младите во помали тимови, правење на проценка на целните групи и нивните потреби, планирање и изработка на малите проекти. • Вклучување на младите во директна реализацијата на малите проекти и активностите на терен. • Изработка на кратки видеа во траење од 2 минути од	• Реализирани 5 мали проекти за добробит на заедницата • Вложени се повеќе од 100 волонтерски часа за добробит на заедницата, со што е направена и промена на дневната рутина на младите. • Изработени 5 видеа, со што се промовира активен пристап на младите, се промовира Црвениот

реализацијата на теренските активности. • Промовирање на програмата и на Црвениот крст преку локален настан пред претставниците на локалната самоуправа и медиумите.	крст и се зајакнува имиџот на истата. • Програмата и Црвениот крст се промовирани пред претставниците на локалната самоуправа и медиумите.

РЕЗУЛТАТ 3: Зголемен број на членови на Клубовите на млади	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Одбележување на ПХВ недела.	• Реализирана ПХВ недела преку локален настан
• Промовирање на култура на ненасилство, мир и толеранцијата меѓу младите од различни етнички заедници.	• Младите од различни етнички групи, во рамките на клубовите, поминале време со дружење, социјализација и учење за различни култури, активности и акции.

ФУНКЦИИ ЗА ПОДДРШКА

СТРАТЕШКА И ОПЕРАТИВНА КООРДИНАЦИЈА

СОРАБОТКА

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Во 2027 година, ОО Црвен крст Виница ќе се насочи кон зајакнување на постојната и развивање нова соработка со Општина Виница, локалните институции, граѓанските организации, приватниот сектор и другите организации на Црвениот крст. Преку заеднички иницијативи, размена на искуства и координирано дејствување ќе се настојува поефикасно да се користат расположливите ресурси, да се унапреди реализацијата на програмските активности и да се обезбеди подобра поддршка за потребите на локалното население.

РЕЗУЛТАТ 1 Зајакната соработка и партнерства на локално ниво	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Потпишување меморандуми за соработка со училиштата и институциите	• Потпишани меморандуми со институции како: Дневен центар, градинки, училишта, полициска станицаз Дом на култура
• Хуманитарни активности и собирни акции во училиштата зависно потребата или календарската	• Најмалку 3 хуманитарни акции – по една во секое училиште (најчесто) • Број на нови или унапредени

активност	партнерства со стратешко значење за ЦКРСМ.
• Симулациски вежни на елементарна непогода во училиштата/институциите,јавна површина во соработка со партнерите	• Соработка со полициска станица, Здравствен дом, Против пожарна единица, Доброволно противпожарно друштво

РАЗВОЈ НА ОПШТИНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Во 2027 година, ОО Црвен крст Виница ќе се насочи кон унапредување на организациските капацитети, подобрување на ефикасноста во работењето и зајакнување на волонтерската база. Посебно внимание ќе се посвети на развојот на човечките ресурси, унапредувањето на транспарентноста и отчетноста, како и на подобрување на соработката со локалните партнери. Преку континуирано унапредување на организациските процеси и одговорно управување со расположливите ресурси ќе се придонесува кон одржлив развој и поуспешно остварување на хуманитарната мисија.

РЕЗУЛТАТ 1 Надградени капацитети на локални организации	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Размена на искуства и добри практики со други општински организации на Црвениот крст.	• Размена на искуства и добри практики со други општински организации на Црвениот крст.
• Спроведување активност членовите на Собранието за давање идеи за развој, финансиска поддршка и остварување нови партнерства	• Една средба за координација и можна поделба на задачи со цел унапредување на ресурсите на општинската организација

РЕЗУЛТАТ 2 Зајакнат интегритет и одговорност во работењето	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Спроведување обуки и едукативни активности за интегритет, етичко однесување и спречување конфликт на интереси	• Една-две реализирани обуки и активности за интегритет и конфликт на интереси

ВОЛОНТЕРСТВО И ЧЛЕНСТВО

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Волонтерите и членовите претставуваат значаен ресурс на ОО Црвен крст Виница и основа за спроведување на хуманитарните активности во локалната заедница. Во 2027 година, фокусот ќе биде ставен на привлекување нови членови и волонтери, задржување на постојните и поттикнување на нивното активно учество во програмските активности на организацијата.

Посебно внимание ќе се посвети на младите и нивното вклучување во волонтерските иницијативи, развивањето на лидерските вештини и промовирањето на хуманоста, солидарноста и толеранцијата. Преку обуки, практични активности и поддршка на волонтерските иницијативи ќе се работи на унапредување на знаењата и вештините на волонтерите и зајакнување на нивната улога во заедницата.

ОО Црвен крст Виница ќе продолжи да поттикнува инклузивно волонтерство, создавајќи можности за учество на граѓаните согласно нивните интереси, способности и расположливо време. Истовремено, ќе се работи на подобрување на комуникацијата со членовите, вреднување на придонесот на волонтерите и унапредување на соработката со локалните партнери, со цел градење мотивирана и одржлива волонтерска база.

РЕЗУЛТАТ 1 Зајакнат систем за мобилизирање, активирање и инспирирање на волонтери во ООЦК И КНМ	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Развивање и промовирање нови и креативни форми за мобилизирање волонтери. • Следење на активноста и задржувањето на волонтерите и идентификување на причините за нивно откажување или неактивност. • Одбележување на Светски ден на волонтерството • Воведување модалитети за контактирање и информирање на членство преку модел на активно членување.	• Воспоставен нов систем за промовирање на волонтерски задачи преку програмите на ЦКРСМ. • Следење на активноста и задржувањето на волонтерите. • Организиран настан за одбележување на Светскиот ден на волонтерството • Електронско известување, поканување и информирање на јавноста преку социјалите медиуми, користење на ФБ страни и ФБ групи

РЕЗУЛТАТ 2 Унапредена и функционална евиденција на членови и волонтери

во ОО Црвен крст Виница	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Воспоставување на систем за евиденција на членови и волонтери. • Обука на одговорните лица во Општинската организација за користење и ажурирање на системот. • Редовно ажурирање и проверка на податоците за членство и волонтерски ангажман. • Воведување на соодветна заштита и доверливост на лични податоци.	• Функционално користење на софтвер за менаџирање членови и волонтери • Најмалку 90% од податоците за активно членство и волонтери редовно ажурирани. • Обезбедена заштита и доверливост на податоци за членови и волонтери.

МЛАДИ

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Младите претставуваат важен ресурс за развојот на ОО Црвен крст Виница и активно придонесуваат кон спроведувањето на хуманитарните активности во локалната заедница. Преку Клубот на млади, младите волонтери се вклучуваат во хуманитарни акции, врсничка едукација и активности за промоција на хуманите вредности, соживотот, мирот и толеранцијата. Посебно значење има пристапот „млади за млади“, преку кој се поттикнуваат меѓусебната поддршка, размената на знаења и активното учество на младите.

Во 2027 година, фокусот ќе биде ставен на зајакнување на Клубот на млади, зголемување на бројот на активни млади волонтери и поттикнување на нивната иницијативност и лидерски вештини. Преку обуки, менторска поддршка и реализација на младински иницијативи, ќе се создаваат можности за нивно поголемо учество во планирањето и спроведувањето на локалните активности.

Посебно внимание ќе се посвети на развојот на врсничката едукација и зелениот волонтеризам, преку кои младите ќе придонесуваат кон подигнување на свеста за значајни здравствени и општествени прашања и заштита на животната средина. Едукативните активности ќе опфатат теми како ментално здравје, превенција од болести на зависности, ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции, трговија со луѓе, крводарителство, хигиена и превенција од насилство. Преку овие активности, ОО Црвен крст Виница ќе продолжи да ги развива потенцијалите на младите и да ги поттикнува да бидат активни носители на позитивни промени во заедницата.

РЕЗУЛТАТ 1 Зајакната младинска структура	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**

• Унапредување на комуникација и размена на информации помеѓу младински координатор, координативно тело и Клуб на млади • Унапредување на соработка со образовни институции и наставен кадар за зголемување на младинското учество и волонтерскиот ангажман.	• Подобрена функционалност и ефикасност на младите преку распределба на одговорности и надградба на капацитети, и вмрежување преку неофицијални состаноци • Број на млади волонтери и млади членови минимум 20% зголемување од предходната година

РЕЗУЛТАТ 2 Зајакнати лидерски, волонтерски и тимски капацитети на младите	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Организирање на едукативен младински летен камп за младите од нашиот КНМ и останатите КНМ • Реализација на интерактивни обуки и работилници за лидерство, тимска работа, комуникација, волонтерски менаџмент и младинско учество. • Поттикнување на младите учесници да иницираат и реализираат активности во своите КНМ	• Реализиран тридневен младински едукативен камп во природа на тема која ги засега младите, а во доменот на ЦК • Опфатени најмалку 60 млади волонтери од клубовите на млади.

РЕЗУЛТАТ 3 Зголемена видливост и дигитална комуникација на младинските активности	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Унапредување на дигиталното информирање за настани и активности • Информирање на јавноста за реализираните активности и постигнати резултати	• Креирање настани на социјалните мрежи, споделување електронски верзии на постери за активности • Текстуално и фотографско информирање за постигнатите резултати и реализираните активности

РЕЗУЛТАТ 4 Промоција на младински активности	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Реализација на летна програма на КНМ • Одбележување на Недела на млади	• Реализирани летни програми со активности за млади • Опфатени околу 500 млади при промоција на младинските активности • Опфатени околу 50 млади на

	настан за Неделата на млади

РЕЗУЛТАТ 5 Надградба на капацитети на клубови на млади за врсничка едукација	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Реализација на едукации против насилство меѓу младите • Едукации за забоздравствена заштита	• Едукации за борба против насилство помеѓу млада популација опфаќајки ученици од одновните и средното училиште, 50 ученици • Едукации за забоздравствена заштита во основните училишта/градинките, 30 ученици
• Врснички едукации	• Едукации за превенција на ХИВ/СИДА/СПИ- ученици од средното училиште, околу 40 ученици • Едукации за превенција на трговија со луѓе – опфаќајќи минимум број на ученици од деветто одделение од основните училишта, околу 40 ученици • Едукации за хигиенизација – опфаќајки околу 30 деца од предучилишна возраст • Едукации за превенција на болести на зависности – опфаќајки минимум број на ученици од седмо, осмо и деветто одделение од основни училишта, окоу 80 ученици
• Пбновување на младински човечки ресурси во делот на врснички едукатори	• Обучување на 5 нови општи врснички едукатори, дообучување на општите врснички едукатори на конкретна тема зависно потребите и стекнување на обучувач за врснички едукатори по потреба

РЕЗУЛТАТ 6 Поттикнување на спортски и културен дух кај младите во општеството преку волонтерите во Клубот на млади	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Организирање на хуманитарни спортски активности и турнири во фудбал, баскет и пикадо • Организирање на хуманитарни културни музички вечери и концерти • Организирање на хуманитарни забави и караоке вечери	• Соберени финансиски средства за социјално ранливи категории (зависно потребите, најчесто за средствата се користат за прехранбени и хигенски производи и пакети или покуќнина)

• Организирање на хуманитарни кино вечери	

РЕЗУЛТАТ 7 Зајакнато учество на младите во заштитата на животната средина преку развиени знаења и вештини	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Обуки за нови еко-едукатори по потреба и надградување на знаењата на постојните еко-едукатори. • Развивање интерактивни алатки и материјали за едукација за животната средина.	• Реализирање на две еко акции • Реализирање на еко-едукации на 30 ученици од 1во до 5то одд • Реализирање на еко-едукации на 20 деца од предучилишна возраст
• Хуман реЦиклус – активност за рециклирање пластични шишиња и лименки	• Волонтерите собираат и рециклираат пластични шишиња и лименки и повратните финансиски средства ги донираат во СОС детско село или со нив купуваат прехранбени производи за социјално ранливи семејства

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Обемот на работа на Црвениот крст на РСМ генерално е проширена и зголемена последната година. Со цел подобра распределба на задачите, нивно навремено завршување и поголема прегледност и транспарентност помеѓу Општинската организација интерно и Општинските организации со Централната канцеларија, унапредувањето и користењето на дигитализацијата е неопходна. Следењето на секојдневните модерни пречки налага изнајдување на модерни решенија и токму затоа Општинската организација на Црвен крст Виница ќе продолжи да се адаптира кон дигитализацијата и користење на електронските алатки.

РЕЗУЛТАТ 1 Вклучување во национален дигитален софтверски систем на ЦКРСМ	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Анализа и мапирање на постојните процеси и потребите на општинската организација	• Учество во анализа и мапирање на локалните процеси, потреби и приоритети. • Анализирани процесите и потребите во општинската

	организација со можност за доставени предлози и потреби до Централната канцеларија.
• Дефинирање на локалните потреби и функционалности кои треба да ги поддржува системот.	• Идентификувани и доставени локалните функционални барања и приоритети.
• Воспоставување база на податоци и стандарди за внесување и размена на информации	• Внесување, ажурирање и одржување на локалните податоци согласно утврдените стандарди

РЕЗУЛТАТ 2 Унапредена дигитализација	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Дигитализација на податоците за крводарители	• Интерна база со податоци на крводарители
• Дигитализација на интерна комуникација, известување, документирање, календар и следењето на активности	• Дигитализирани клучни интерни процеси. • Адаптирање при електронско следење на задачи и активности. • Користење на дигитален календар, известувања и систем за управување со документи.

ХУМАНИТАРНА ДИПЛОМАТИЈА И КОМУНИКАЦИИ

ПОМОШНА УЛОГА

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

ОО Црвен крст Виница, во рамките на својата помошна улога, ќе продолжи да ја унапредува соработката со Општина Виница, локалните институции и другите релевантни чинители во насока на подобро препознавање и задоволување на хуманитарните потреби на населението. Во 2027 година, акцентот ќе биде ставен на зајакнување на партнерските односи, размена на информации и координирање на активностите од заеднички интерес. Преку дијалог, застапување на потребите на ранливите категории и промоција на хуманите вредности, ќе се работи на зајакнување на довербата и препознатливоста на организацијата и унапредување на поддршката за нејзините хуманитарни активности во локалната заедница.

РЕЗУЛТАТ 1 Зајакната институционална позиција на ОО Црвен крст Виница како независен хуманитарен партнер на локалната власт

Активности 2027	Показатели на успешност 2027
• Застапување и дијалог со институции и други релевантни чинители за унапредување на хуманитарната улога и позицијата на Црвениот крст	• Состаноци за хуманитарна дипломатија и застапување. • Предлози/ иницијативи/ барања доставени до релевантни институции. • Остварување нови и обновување партнерства со институции и други чинители.

СЛУЖБА БАРАЊЕ

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Службата Барање – Воспоставување на семејни врски претставува важна хуманитарна активност на Црвениот крст, насочена кон помош на лицата кои го изгубиле контактот со членовите на своите семејства поради миграции, вооружени конфликти, катастрофи или други вонредни околности. Во 2027 година, ОО Црвен крст Виница ќе се насочи кон информирање на населението за можностите што ги нуди оваа служба и упатување на лицата на кои им е потребна помош до надлежните структури на Црвениот крст.

Преку соработка со локалните институции и Црвениот крст на Република Северна Македонија, ќе се придонесува кон полесен пристап до услугите за воспоставување семејни врски и обезбедување поддршка за лицата и семејствата со вакви потреби, со почитување на доверливоста и достоинството на корисниците.

РЕЗУЛТАТ 1: Унапредена партнерска соработка и видливост	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Локална соработка – информативни дисеминациски состаноци	• Информирање на локалните соработници и институции и насочување за услугата и користењето на Служба барање

ДИСЕМИНАЦИЈА

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Дисеминацијата претставува важен процес за запознавање на населението со мисијата, улогата, вредностите и основните принципи на Црвениот крст, како и со неговото хуманитарно дејствување. Преку континуирано информирање и едукација, ОО Црвен крст Виница ќе придонесува кон развивање на хуманоста, солидарноста, толеранцијата и почитувањето на човековото достоинство во локалната заедница.

Во 2027 година, фокусот ќе биде ставен на унапредување на дисеминацијата преку вклучување на волонтерите, младите и вработените во едукативни и информативни содржини. Посебно внимание ќе се посвети на младите и нивното запознавање со основните принципи на Црвениот крст, хуманитарните вредности и значењето на волонтерството. Активностите ќе се реализираат во соработка со образовните установи, локалните институции и другите релевантни чинители, со цел зголемување на информираноста и зајакнување на хуманитарната свест кај населението во општина Виница.

РЕЗУЛТАТ 1 Зајакнати капацитети и унапреден квалитет на дисеминацијата на вредностите и принципите на Црвениот крст	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Организирање основни и напредни дисеминациски сесии за волонтери, вработени. • Реализација на дисеминациски сесии во приватни компании, локални заедници и образовни институции • Реализација на интерактивни дисеминациски активности за деца од предучилишна возраст, ученици од основните и средните училишта и студенти.	• Реализирани најмалку 4 дисеминациски сесии

РЕЗУЛТАТ 2 Зголемено младинско учество и видливост на хуманите вредности преку современи форми на дисеминација	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Креирање/ Споделување дигитални и мултимедијални содржини за промоција на хуманите вредности, принципите на Црвениот крст и МХП. • Поттикнување на младите и волонтерите да креираат и	• Промоција на содржини кои ги опфаќаат нашите хумани вредности преку портали на социјалните мрежи

реализираат дисеминациски активности во своите локални заедници. • Организирање јавни активности и тематски настани насочени кон промоција на хуманите вредности.	

РЕЗУЛТАТ 3 Зголемена информираност на учениците преку дисеминациски активности во рамки на натпреварите по прва помош	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Организирање и поставување дисеминациски пунктови во рамки на општинскиот натпревар по прва помош	• Поставени и реализирани дисеминациски пунктови на општинскиот натпревар по прва помош.

ИНФОРМИРАЊЕ, КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Информирањето и комуникациите се важен дел од работата на ОО Црвен крст Виница, преку кои се промовираат хуманитарната мисија, вредностите и принципите на Црвениот крст, како и активностите и услугите што се реализираат во локалната заедница. Навременото и транспарентно информирање придонесува кон поголема видливост на организацијата, информираност на граѓаните и зајакнување на довербата кај јавноста и партнерите.

Во 2027 година, фокусот ќе биде ставен на унапредување на дигиталната комуникација преку редовно споделување информации и содржини на социјалните медиуми, промовирање на реализираните активности и постигнатите резултати, како и информирање за можностите за вклучување на граѓаните и волонтерите. Преку соработка со локалните медиуми, институциите и партнерите, ОО Црвен крст Виница ќе продолжи да ја зајакнува својата препознатливост, отвореност и поврзаност со заедницата.

РЕЗУЛТАТ 1: Унапреден и функционален комуникациски и информативен систем во националното друштво	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Промовирање на работата на НД преку социјални медиуми • Публикување на промотивни материјали и публикации	• Креирани дигитални и мултимедијални содржини за подобрување на видливоста на работата на општинската организација

	• Организирање јавни активности и тематски настани за промоција на ОО Црвен крст Виница
• Учество на обука за вработени и волонтери за информирање, и користење комуникациски алатки	• Оспособен еден волонтер/ вработен за информирање и користење комуникациски алатки во работата

ОТЧЕТНОСТ И ОДГОВОРНОСТ

ПЛАНИРАЊЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Планирањето, известувањето, мониторингот и евалуацијата претставуваат Планирањето, известувањето, мониторингот и евалуацијата се важни процеси за обезбедување квалитетна, транспарентна и одговорна работа на ОО Црвен крст Виница. Преку редовно следење на реализацијата на програмските активности и процена на постигнатите резултати се овозможува подобро планирање, поефикасно користење на расположливите ресурси и навремено утврдување на потребите и предизвиците во работењето.

Во 2027 година, фокусот ќе биде ставен на унапредување на процесите за планирање, следење и известување за реализираните активности, во согласност со програмските приоритети на Црвениот крст на Република Северна Македонија. Посебно внимание ќе се посвети на редовно документирање на работата, следење на постигнатите резултати и подготовка на навремени и квалитетни извештаи.

Преку систематски пристап кон планирањето и евалуацијата, ОО Црвен крст Виница ќе настојува да ја зајакне организациската ефикасност, отчетноста и одговорноста, создавајќи основа за континуирано унапредување на работата и подобро одговарање на потребите на локалната заедница.

РЕЗУЛТАТ 1: Зајакната доверба, транспарентност и отчетност и запазување на интегитетот на организацијата	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Изработка на годишен извештај на ООЦК Виница за 2026 година • Изработка на годишна програма за работа на ООЦК Виница за 2028 година • Изработка на оперативен план за работа за 2028 година	• Подготвен годишен извештај за спроведени активности на ООЦК Виница во 2026 година • Подготвена годишна програмска рамка за работа на ООЦК Виница во 2028 година • Изготвен интегрален оперативен план за спроведување на активности на ООЦК Виница во 2028 година

РЕЗУЛТАТ 2: Унапредено планирање, известување, мониторинг и евалуација како средства за успешен развој, отчетност и одговорност	
Национален показател:	•
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Евалуација на работата на Секретарот на ООЦК Виница во 2026 година • Евалуација на работата на Претседателот на ООЦК Виница во 2026 година • Евалуација на работата на Потпретседателот на ООЦК Виница во 2026 година • Евалуација на работата на Раководниот одбор на ООЦК Виница во 2026 година	• Годишни евалуациски извештаи за работата на телата во ОО Црвен крст Виница за 2026 годи
• Мониторинг и евалуација на спроведување на акциски план од Процес Трансформација - 28	• Соработка и координација на процесот Трансформација-28 со тимот на Раководниот Одбор на ЦКРСМ преку квартални средби, следење на тековната реализација, остварен прогрес и ревидирање на акцискиот план • Број на активности на 31 ООЦК/ЦКГС спроведени во рамки на имплементација на активности во рамки на процесот Трансформација – 28.
• Периодични планирања и известувања за работа по сфери (крводарителство, прва помош)	• Планови и извештаи за тековни и спроведени курсеви за прва помош во работни организации и курсеви по прва помош за возачи • Планови и извештаи за тековни и спроведени крводарителски акции и крвни единици

РЕЗУЛТАТ 3: Следење на минимум стандарди и критериуми за работата на ООЦК Виница како предуслов задобро-функционална локална организација	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Следење на дефинираните минимум стандарди и критериуми за работењето на Општинската организација	• Следење и работа според минимум стандарди како водич за планирање и имплементација на активности, усогласени со актуелните потреби и можности за дејствување на

	локално ниво

ФИНАНСИРАЊЕ

ХУМАНИТАРЕН КОНТЕКСТ И ПРИСТАП

Стабилното и одговорно финансиско управување е важен предуслов за континуирано и ефикасно спроведување на хуманитарните активности на ОО Црвен крст Виница. Во услови на ограничени финансиски ресурси и зголемени потреби во локалната заедница, особено значајни се рационалното користење на средствата, навременото финансиско планирање и обезбедувањето дополнителни извори на финансирање преку соработка со општината, институциите, донаторите и другите партнери.
Во 2027 година, фокусот ќе биде ставен на унапредување на финансиското работење, доследно следење на приходите и расходите, навремено финансиско известување и транспарентно управување со расположливите средства. Преку одговорно планирање, контрола и отчетност, како и изнаоѓање можности за обезбедување дополнителна финансиска поддршка, ОО Црвен крст Виница ќе настојува да ја зајакне финансиската одржливост и да обезбеди услови за континуирана реализација на програмските активности и одговор на потребите на населението.

РЕЗУЛТАТ 1: Унапредена вклученост и капацитети во финансиското работење	
Активности 2027	**Показатели на успешност 2027**
• Учество во обуки за континуирано професионално усовршување и воведување нов модул во системот Пантеон, во делот за буџетирање.	• Учество на претставник од ООЦК Виница